Универзитет „Свети Кирил и Методиј“ во Скопје
МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ – Скопје

## АКРЕДИТАЦИЈА

На 26.10.2011 година Институтот за акредитација на Република Македонија изврши надзорна посета на акредитираната Лабораторија за сила и момент на сила при Машинскиот факултет – Скопје. Оваа наша лабораторија е првата акредитирана лабораторија за калибрација во Македонија и гордо ја носи ознаката ЛК001. По завршувањето на првиот четиригодишен акредитационен циклус и успешно спроведената реакредитација во декември 2010, оваа надзорна посета е прва од новиот циклус на акредитација на лабораторијата. Надзорната посета беше спроведена од водечки оценувач и експерт од Република Србија, кои во исто време беа оценувани за својата работа од претставници на Европската акредитациона комисија. Тоа е резултат на постапката која Институтот за акредитација ја спроведува за потпишување на договорот MLA. Потпишувањето на овој договор ќе значи взаемно признавање на сертификатите за калибрација на сите земји потписнички.

Резултатите од спроведената надзорна посета на Лабораторијата за сила и момент на сила се позитивни и важноста на нејзиниот сертификат за акредитација е продолжен. Со тоа, се овозможи и позитивна оцена на Институтот за акредитација со што се исполнуваат условите за потпишување на договорот MLA.

## ПОСЕТА

Во рамки на програмата Ерасмус Мундус Акција 2 – партнерства на Европската комисија, Машинскиот факултет преку Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" е активен учесник во академската мрежа за мобилност на студенти и наставен кадар Erasmus Mundus JounEU-SEE, координиран од Универзитетот во Грац, Австрија. Главната цел на оваа академска мрежа е промовирање на мобилности преку доделување стипендии на студенти и наставен кадар од земјите на Западен Балкан во земјите членки на Европската Унија и обратно. Целната група на JoinEU-SEE мрежата примарно се студентите од прв циклус на студии. ЕУ универзитетите – партнери од JoinEU-SEE конзорциумот се следните: Универзитетот во Грац, Универзитетот во Лувен, Белгија, Универзитетот Масарик, Република Чешка, Универзитетот во Марибор, Универзитетот во Болоња, Универзитетот во Гранада, Универзитетот во Гронинген, Холандија, Универзитетот во Рига, Латвија, Универзитетот во Турку, Финска, Универзитетот Вилниус, Литванија. За таа цел, на 27 октомври 2011 година, МФС, беше домаќин на информативниот настан наменет за техничките факултети со кој се промовираше мрежата, а студентите се запознаа со можностите за нивна мобилност на овие десет универзитети. Претставници од наведените универзитети застапени во мрежата ЕМ JoinEU-SEE ги презентираа студиските програми на своите универзитети пред студентите и наставниот кадар, а потоа студентите имаа можност за директна комуникација со претставниците на односните универзитети.

Дополнителни информации може да се најдат на www.joineusee.eu

## ПРЕДАВАЊЕ

Во рамките на CEEPUS програмата во периодот од 1-10.11.2011 година на Машинскиот факултет во Скопје престојува проф. д-р Рипа Минодора, од Машинскиот факултет при Универзитетот „Dunarea de Jos“ од Галати, Р. Романија. За време на престојот, проф. Минодора одржа предавање на тема: Бизнис комуникации и Интгернет за инженери.

## ГОДИНИ ПЛОДНА РАБОТА

Машинскиот факултет во Скопје ја има таа чест да им честита на професорите:

Проф. Љубен Дудески, 37 години работен стаж на Машински факултет Скопје,

Проф. д-р Миле Димитровски, 35 години работен стаж на Машински факултет Скопје,

Проф. д-р Ристо Цицонков, 35 години работен стаж на Машински факултет Скопје,

Проф. д-р марјан Гаврилоски, 20 години работен стаж на Машински факултет Скопје,

Вон. проф. д-р Игор Ѓурков, 20 години работен стаж на Машински факултет Скопје,

Вон. проф. д-р Радмил Поленаковиќ, 20 години работен стаж на Машински факултет Скопје

МФС им посакува долги години успешна и плодна работа, со желби за понатамошни успеси на професионален и приватен план.

**Ч Е С Т И Т А М Е !!!**

## НАГРАДИ

Студентите од насоката индустриски дизајн и од постдипломските студии по индустриски дизајн и маркетинг и оваа година освоија неколку награди на саемот ТЕХНОМА 2011. Во рамките на меѓународната манифестација ЕКОНОВА 2011 студентот Милош Ѓуроски освои златен медал, студентите Ива Трембелиева и Никола Костадиновски освоија сребрени медали, а студентот Иван Ковачевски освои бронзен медал. Во рамките на манифестацијата МАКИНОВА 2011 Државниот завод за индустриска сопственост му додели плакета за млад иноватор и парична награда на студентот Ненад Стојилковиќ. Овие награди се голем поттик за младите дизајнери.

## О Т С У С Т В А

Службени патувања во странство заради реализирање на студиски престои, учество на семинари, симпозиуми како и за други службени потреби во текот на месец октомври 2011 година остварија долунаведените наставници и соработници:

1. Проф. д-р Милан Ќосевски, вон. проф. д-р Петар Симоновски и асс. м-р Никола Аврамов на службено патување во Р. Србија.
2. Проф. д-р Златко Петрески, проф. д-р Виктор Гаврилоски и проф. д-р Лазе Трајковски на службено патување во Австрија.
3. Проф. д-р Миле Димитровски на службено патување во Р. Австрија.
4. Проф. д-р Атанаско Тунески, проф. д-р Никола Тунески и асс. м-р Дарко Бабунски на службено патување во Солун, Р. Грција во рамките на Темпус проектот CD JEP 5111001 - 2010.
5. Асс. м-р Кристина Јакимовска на службено патување во Р. Грција.
6. Вон. проф. д-р Атанас Кочов на службено патување во Кенија во рамки на активностите на UNIDO.
7. Проф. д-р Звонимир Костиќ и проф. д-р Валентино Стојковски на службено патување во Марибор, Р. Словенија.
8. Вон. проф. д-р Јасмина Чалоска на службено патување во Р. Србија.
9. Вон. проф. д-р Алекса Малчески на службено патување во Р. Словенија.
10. Вон. проф. д-р Дарко Данев на службено патување во Р. Полска.
11. Проф. д-р Роберт Миновски на службено патување во Р. Полска.
12. Проф. д-р Атанаско Тунески и асс. м-р Дарко Бабунски на службено патување во Солун, Р. Грција.
13. Асс. м-р Јована Јованова на службено патување во Белгија.

## КАЛЕНДАР И ПОТСЕТНИК

**18.11.2011 или 24.11.2011**
**38 СЕДНИЦА НА ННС**

**08.12.2011**
**39 СЕДНИЦА НА ННС**

**29.12.2011**
**40 СЕДНИЦА НА ННС**

**СЕДНИЦА НА УПРАВА ВО ВТОРНИЦИТЕ ПРЕД ННС ПО ПОТРЕБА**

**Техничко уредување:**
Жарко Васиљевиќ, дипл. ел. инж.
Борис Рошков, дипл. ел. инж.

**Година 2011, октомври, број 104**

# *ФАКУЛТЕТСКИ ИНФОРМАТОР*

## ДОНАЦИЈА

На 25.10.2011 на Машинскиот факултет Скопје, на Институтот МКММВ - Лабораторијата за моторни возила беше дониран дијагностички уред од страна на компанијата "Велком трејд" од Кавадарци - овластен сервис за системите Knorr Bremse во Македонија. Дијагностичкиот уред е наменет за испитување на системите за кочење што се вградуваат во автобуси и товарни возила на повеќе познати марки. Врачувањето на опремата беше надополнето со обука за вработените и за студентите на студиската програма МВ, спроведена од страна на технички лица од Knorr Bremse - Унгарија, со презентација на можностите за дијагностика врз конкретно возило - влекач Volvo. Голема благодарност до донаторот "Велком трејд".

KNORR BREMSE